Република Северна Македонија
Министерство за економија и труд

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Ekonomisë dhe Punës

Занаетчиска Комора Скопје

# Анализа за сивата економија во занаетчискиот сектор

Проектот е поддржан од Министерството за економија и труд на Република Северна Македонија

Подготовката на оваа Анализа беше овозможена со финансиска подршка од Министерството за економија и труд на Република Северна Македонија во рамките на проектот:

"Биди занаетчија легализирај го својот занаетчиски бизнис"

СОДРЖИНА:

Вовед ....................................................................................................................4

Сивата економија во помалку развиените економии ..................................8

Сивата економија во занаетчиството во РСМ.............................................13

Форми  на сива економија во занаетчиството..............................................22

Предлог мерки за намалување на сивата економија ..................................27

Анкета за сивата економија во занаетчиството........................................... 31

Анализата ја изработи професор Ѓорѓи Гоцков

# АНАЛИЗА ЗА СИВАТА ЕКОНОМИЈА ВО ЗАНАЕТЧИСТВОТО

## *ВОВЕД ВО АНАЛИЗАТА*

### *(1) Дефинирање на сивата економија*

Сивата економија претставува глобален феномен, во поголема или помала мера присутен во сите земји, независно од видот на општествено уредување и степенот на економски развој. Терминолошки, покрај „сива економија“, како синоними во теоријата и практиката уште се користат и термините „неформална економија“, „скриена економија“, „нелегална економија“ и сл. Постојат бројни и различни дефиниции на поимот „сива економија“. Така, Програмата за развој на Обединетите нации ја дефинира неформалната економија како: *„економски активности, средства и трансакции, честопати нелегални, кои не се регистрирани или на друг начин пријавени кај соодветни државни органи, а со тоа избегнуваат оданочување или друго вклучување во националната економска евиденција...“.* Организацијата за економска соработка и развој (OECD) сивата економија ја дефинира како „збир на активности кои се економски продуктивни и сосема легални (под услов да се почитуваат одредени стандарди или прописи), но кои намерно се сокриени од јавните власти поради следните причини: а) избегнување плаќање на даноци; б) избегнување плаќање на социјални придонеси; в) избегнување почитување на правни стандарди, како што се минимална плата, максимални часови на работа, стандарди за безбедност и здравје при работа, итн“. Меѓународната организација на трудот (ILO) ја дефинира сивата економија како „економска активност на работниците или компаниите коишто не се законски или се недоволно формално и правно поткрепени“. Во рамки на Европската унија, непријавената работа е дефинирана со посебна директива на ЕУ од 1998 година како „секоја законски дозволена активност која е платена, но не декларирана на државните власти, земајќи ги предвид разликите во регулаторните системи на земјите членки". Голем дел од авторите кои ја истражуваат оваа проблематика неформалната економија ја дефинираат и како *„легално производство на стоки и услуги кое е засновано на пазарни принципи, но е прикриено од релевантните институции, поради монетарни,*

*регулаторни и институционални причини"*. Притоа, монетарните причини се состојат од избегнување на данок и придонеси за социјално, пензиско и здравствено осигурување, регулаторните причини се состојат од интенцијата да се избегнат законските и другите бирократски процедури и активности, додека институционалните причини се состојат од корруптивни активности кои најчесто се поврзани со ниското ниво на институционален капацитет и незадоволителното ниво на владеење на правото.

Сивата или неформалната економија е поврзана со неформалната вработеност, која ги опфаќа сите работници кои работат во неформалниот сектор, како и неформалната вработеност која функционира во рамките на формалниот сектор. Првата форма на неформална вработеност се состои од лицата кои работат во неформално претпријатие, додека пак другата група на неформално вработени лица се состои од самовработени и работници кои се вработени во формално регистрирани претпријатија, но без формални договори и за кои не се платени придонеси за вработување. Дел од авторите ја дефинираат неформалната вработеност како вработеност која не придонесува во шемите за пензиско осигурување. Согласно дефиницијата на Меѓународната организација на трудот (ILO), во категоријата неформална вработеност влегуваат работниците за коишто нивниот работодавач не плаќа социјални и придонеси за пензиско осигурување, и немаат платен годишен одмор или боледување. Согласно ваквите дефиници, неформалното вработување вклучува:

- Работници за сопствена сметка и претпријатија каде што, (1) претпријатието не е регистрирано во согласност со националното законодавство и/или (2) вработените не се пријавени (за целите на плаќањето придонеси за социјално осигурување);

- Работници што на друг начин се во работен однос, кој не е заснован во согласност со правилата на националното работно законодавство, социјално осигурување и даночни прописи и кој, како последица на тоа, на работниците не им обезбедува определени права (на пример, отказен рок, отпремнина, платен одмор или боледување, итн.).

Сите овие дефиниции јасно покажуваат дека сивата (неформалната) економија е појава каде одредена економска активност не е регистрирана од страна на соодветните системи на државата. Можат да се издвојат два примери кои укажуваат на таквата појава. Едниот е кога некој економски субјект ја прикрива (делумно или целосно) својата економска активност, не издава фискални сметки, ги прикрива своите приходи и избегнува да го плати (делумно или целосно) соодветниот данок. Вториот пример е кога работодавачот вработил некого, но не го пријавил до надлежните државни институции,

на вработениот му дава плата или дел од плата во кеш на рака и за вработениот не плаќа персонален данок и не уплаќа социјални придонеси. Извор за финансирање на непријавеното вработување и исплатата на плата во готово без плаќање на данок и социјални придонеси е готовината примена без издавање на фискална сметка и без нејзино евидентирање како остварен приход (вршење на нерегистрирана дејност). За разлика од субјектите од формалната економија, субјектите од сивата економија не учествуваат во финансирањето на заедничките потреби, односно тие не се извор на јавни приходи, но од друга страна ги користат јавните добра (инфраструктура) и услуги, без ограничување.

***(2) Последици од сивата економија***

Истражувањата покажуваат дека економиите кои имаат изразено висок степен на сива економија се карактеризираат со пониско ниво на продуктивност на трудот, пониско ниво на ефикасност и ефективност, ниска и бавна акумулација на физички и човечки капитал, ниско и недоволно ниво на образование на работната сила, ограничен пристап до дополнителни финансиски ресурси и скромен фискален капацитет на државниот буџет. Исто така, емпириските истражување го потврдуваат заклучокот дека земјите со висок степен на неформална економија се карактеризираат со повисока доходовна нееднаквост и сиромаштијата. Фирмите кои вршат дејност во рамките на неформалната економија се соочуваат со ниско ниво на акумулација на капитал, односно ниско ниво на инвестиции во нова и современа технологија, како и ограничување на растот како последица на стравот да не бидат откриени и санкционирани од страна на даночните служби.

Генерално сивата економија има долгорочни катастрофални *последици* за било која економија.

(1) Високото ниво на сива економија укажува на нефункционалност на системот во сите негови димензии – претставува потврда дека државата и нејзините институции се непотребни, а системот на вредности на заедницата значајно отстапува од нормите на едно цивилизирано општество.

(2) Сивата економија директно влијае на намалување на јавните приходи, со што се загрозува ефикасноста на јавните институции, принудувајќи ги да пружат помалку квалитетни јавни услуги и добра. Со тоа, се намалува стандардот и квалитетот на сите граѓани.

(3) Сивата економија индиректно го зголемува даночното оптоварување на економските субјекти кои работат во формалниот сектор, бидејќи даночниот товар се распределува на помал број на даночни обврзници.

(4) Постоењето на сива економија го намалува авторитетот и кредибилитетот на владата, како и довербата на граѓаните во јавните институции.

(5) Зголемувањето на сивата економија влијае и на ширење на "црната" економија, која опфаќа забранети форми на деловна активност и промовирање на криминални структури кои управуваат со сивата и црната економија.

(6) На краток рок, сивата економија може да ја зголеми конкурентноста на нелегалниот сектор во однос на формалниот сектор, но на долг рок таа неминовно води кон нерационална алокација на ресурсите во економијата.

***(5) Причини за сивата економија***

Во финансиската литература која ги истражува *причините* за сивата економија, се разликуваат објективни и субјективни фактори кои влијаат во насока на појава и зголемување на сивата економија. Субјективните фактори воглавно се поврзани со самата личност на поединецот и вклучуваат: даночна свест; даночен морал; сфаќање за правичноста на системот; чувство за припадност на заедницата и сл. Сите овие фактори укажуваат на свесноста за потребата од колективно подмирување на трошоците и задоволување на потребите кои ги има населението што живее на одредена територија преку соодветна институција. Со оглед дека моралот е збир на правила на одредено општество со кое се разграничуваат добри и лиши начини на однесување, даночниот морал се однесува на правила на однесување при оданочувањето. Сфаќањето на правичноста на системот и чувството на припадност на заедницата се значајни субјективни фактори и се однесуваат на отпорот на даночните обврзници за плаќање на даноци доколку е проблематична целта и намената на јавните приходи, односно доколку јавните финансии се трошат на нерационален начин, за цели кои се крајно непотребни, или не се прави инфраструктура и не се обезбедуваат здравствени и образовни услуги за лица кои живеат на одредени подрачја.

Објективните причини вклучуваат: големина на даночно оптоварување; начин на оданочување; висина на казни; чести промени на даночни прописи и сл. Не се ретки случаевите кога се јавува незадоволство на граѓаните поради висината на даночните стапки, поради што се пронаоѓале начини како да се избегне плаќањето.

Исто така, начинот на оданочување може да предизвика неефикасна алокација ресурси, односно некои даночни обврзници да сметаат дека со оданочувањето се влошува нивната состојба, а на некои други се подобрува. Висината на казни е, исто така, значаен фактор кој може да доведе до даночна евазија. Имено, доколку обврзниците ги сметаат казните/санкциите за противправно однесување како мали, подносливи и "вредни за жртвата" полесно се одлучуваат за неплаќање на давачките. Казните не треба да бидат несразмерно многу големи, но треба да бидат доволно големи за да го одвратат даночниот обврзник од вршење на прекршоци. Честото менување на регулативата, недоволно стручната, несовесната и необјективна даночна администрација и нејзиниот однос спрема даночните обврзници, исто така, влијае врз отпорот на плаќање на давачките спрема државата.

Условите и причините за појавата на сивата економија може да се класифицираат и како: економски, психолошки и фактори на опортунитет. Економските фактори вклучуваат финансиски проблеми, високи даночни давачки, мала веројатност за откривање, мали/умерени казни/санкции, и др. Психолошките фактори вклучуваат недоверба во државата и нејзините политики и мерки, несогласување со целите и средствата на економската политика, односот/склоноста кон ризик и сл. Во факторите на опортунитет влегуваат работното искуство, знаење и способност, образовниот перофил што е важен за наоѓање на работа и нејзино успешно извршување надвор од законските прописи.

***(6) Видови/форми на сива економија***

Од аспект на формата/видот на сива економија во продолжение се наведени најчестите примери за сива економија со кои најчесто се среќаваме во пракса:

- неиздавање фискални сметки
- непријавување на работници
- плаќање во готово
- шверц на стока
- вршење работи без регистрирана фирма
- купување акцизна стока на улица

***(1) Неиздавање фискални сметки***

Регистрираните трговски и занаетчиски дуќани и угостителски објекти кои се обврзани да поседуваат фискална каса влегуваат во сивата зона секогаш кога нема да му издадат сметка на купувачот. Со ова сопствениците оствариле дополнителна добивка бидејќи земале 18% од данокот на додадена вредност (ДДВ) кој со издавање на фактурата ќе одел во државниот буџет, односно граѓаните. Со цел да ги доведат потрошувачите во заблуда, несовесните трговци понекогаш издаваат „привремена фактура“ која изгледа како фискална сметка, но не е, и не повлекува плаќање даноци. Според истражувањата, најнеодговорни се сопствениците на угостителски објекти каде голем дел од граѓаните не добиваат секогаш сметка. Анализите покажуваат и дека голем дел од граѓаните никогаш не бараат сметка, што им помага на несовесните бизнисмени да ги прекршат прописите и дополнително да се збогатат. Треба да се има во предвид дека земањето на сметката обезбедува сигурност во случај на потреба да се рекламира производот, како и гаранција дека продавачот ќе го плати данокот.

***(2) Непријавување на работници***

Со цел да избегнат плаќање на даноци на труд (плати), работодавачите често избираат да не ги пријават своите работници. Тоа практично значи дека на секои платени 1.000 денари, несовесниот работодавач си задржува околу 400 денари што требало да ги плати на име данок на плата, придонеси за пензиско и здравствено осигурување и придонеси за професионално заболување и вработување. За тоа време вработените немаат стаж. Ваквото незаконско работење најчесто се појавува кај привремени и сезонски работни места, меѓу другото и поради комплицираната процедура за пријавување и одјавување на работници во вакви случаеви. Работниците генерално не се подготвени да ги пријават несовесните работодавци – истражувањата покажуваат дека голем дел од граѓаните не би ја пријавиле фирмата во која работат на црно, најчесто поради страв да не ја загубат работата.

***(3) Плаќање во готово***

За да не влезат во проблеми со инспекциските органи и да бидат изложени на казнување, како и да не плаќаат даноци и придонеси, некои работодавачи ги регистрираат своите работници, но го кријат целиот износ на платите што им ги исплаќаат. Тоа го прават со аплицирање за минималниот законски износ за да платат минимални даноци, додека остатокот од договорената плата на работникот му се исплаќа во готово, односно „на рака“. Работникот повеќепати е оштетен бидејќи му е одземен дел од придонесот за пензиско осигурување и следствено ќе му се наплати понизок степен на пензија, а во случај на земање кредит банката ќе го определи износот

на дозволениот кредит земајќи ја предвид платата добиена преку сметката (официјално пријавената и исплатена плата).

***(4) Шверц на стока***

Нерегистрираниот увоз на стоки од странство и избегнувањето плаќање на царинските давачки е, покрај нелегалната работа, вториот најчест облик на сивата економија. Постојат две најзастапени форми на прекуграничен шверц: шверц на т.н. “мравки“, кој вклучува пренос на мали количини на неколку гранични премини; организиран шверц, кој вклучува активности на организирани криминални групи и дистрибуција на големи количини стока, за што често е потребна помош од корумпирани владини функционери. Шверцуваната стока не е придружена со документација со која се потврдува нејзината исправност, што ја прави ризична за секој што ќе ја купи.

***(5) Вршење работи без регистрирана фирма***

Спроведувањето на каква било активност што вклучува производство, трговија или давање услуги без регистрирана компанија е сива или црна економија. Во оваа категорија често спаѓаат различни занаетчии (молери, водоводџии, електричари, паркетари и сл.), беби-ситери, поединци кои се занимаваат со производство и испорака на храна (угостителство), онлајн трговци (продажба преку фејсбук и други социјални мрежи). Нерегистрираните деловни субјекти работат незаконски, скриени од законот и контролата, избегнуваат да ги плаќаат сите даноци, такси и давачки - што ги прави нивните производи поевтини, но и со понизок квалитет и безбедност. Купувачите обично не добиваат никаква фактура за купените стоки или услуги, немаат никаква гаранција дека стоката е здрава или технички исправна, ниту пак имаат право да се жалат. На овој начин фирмите кои работат на црно им нанесуваат штета не само на граѓаните и државата, туку и на сите оние фирми кои работат согласно законот и ги плаќаат сите даноци.

***(6) Купување акцизна стока на улица***

Потиснувањето на сивата економија е голем предизвик за сите влади во светот. Поради тоа што во сивата зона кружат многу пари и што неформално вработени граѓани се уште остваруваат приходи, сивата економија премолчено се толерира бидејќи решава дел од социјалните проблеми. Но, долгорочно, сивата економија им штети на луѓето кои работат во неа бидејќи им се лишени многу права, а државата и општеството губат пари што можат да се вложат во постигнување одржлив развој поради недостаток на приходи.

*(7) Сивата економија во помалку развиените економии (земјите во развој)*

Сивата “неформална“ економија, како еден од најголемите предизвици на националните економии, е особено изразена во земјите во развој, кои се соочуваат со изразено висок степен на неформална економија. Согласно најновите проценки на Меѓународната организација на трудот (ILO), на светско ниво околу 2 милијарди луѓе работат во неформалната економија. Притоа, неформалната економија претставува сериозен предизвик за креаторите на економските политики во земјите во развој имајќи во предвид дека неформалните економски активности во земјите во развој во просек зафаќаат околу 37% од БДП, наспроти опфатот на неформалната економија во во високо развиените земји кој изнесува 18% од БДП и 15% од вработеноста. Проценките за обемот на сивата економија во земјите од регионот се движи од 22 до 32 проценти од БДП, додека просекот на развиените земји во ЕУ е околу 15 проценти од БДП. Меѓу земјите со најниска стапка на водење бизнис надвор од регулативата се вбројуваат САД и Швајцарија, каде обемот на сивата зона е околу 8% од БДП (Графикон 1)

.

Графикон 1 Големина на неформална економија по земји (% од БДП)




Извор: Светска банка (проценка според MIMIC методата)

Податоците од анкетата на претпријатијата поврзани со неформалниот сектор во пооделните економии од светот, која на редовна основа ја спроведува Светска банка,

јасно покажуваат дека помалку развиените економии се соочуваат со поголем обем на неформален сектор кои продуцира и поголеми проблеми во овие земји. Така, согласно објавените податоци, во помалку развиени земји значително е поголем процентот на фирми кои се “борат“ со нелојалната конкуренција од нерегистрираните или неформалните фирми. Притоа, РС Македонија по сите индикатори на неформалниот сектор се наоѓа во групата на земји со изразено високи вредности (Графикон 2 и 3).

Графикон 2 Процент на фирми кои се “борат“ со нерегистрирани или неформални фирми (по земји, 2022 година)




Извор: Светска банка

Резултатите од Анкетата што ја спроведува Светска банка, јасно ги издвојува земјите кои имаат поголеми проблеми со неформалниот дел од економијата. Графиконот 2 ги класифицира земјите согласно процентот на фирми кои имаат ограничување во водењето на нивниот бизнис поради конкуренцијата со нерегистрираните или неформалните фирми. РС Македонија предничи во ова, бидејќи повеќе од половината од анкетирани формални фирми во нашата држава се изјасниле дека имаат проблеми поради нелојалната конкуренција од нерегистрираните фирми. Само за споредба, ако во РС Македонија тој процент изнесува 57%, во Германија, Словенија, Австрија, процентот на фирми кои се “борат“ со нерегистрираните или неформалните фирми изнесува околу 17%.

Графиконот 3 дополнително ја потврдува тезата дека еден од најголемите (главни) проблеми во помалку развиените економии претставува конкуренцијата од неформалниот сектор. Имено, процентот на фирми кои се изјасниле дека најголем (главен) проблем им претставува конкуренцијата од неформалниот сектор, е најголем во Албанија и РС Македонија, и изнесува над 30%. Од друга страна, кај поразвиените економии овој процент е доста низок – во Австрија и Герамнија изнесува околу 5%.

Графикон 3 Процент на фирми кои како главен проблем ја имаат конкуренцијата од неформалниот сектор (по земји, 2022 година)




Извор: Светска банка

Анализата на сивата економија во помалку развиените земји, релевантна и за нашата економија, јасно ги издвојува следните главни причини за нејзина појава и релативно голема застапеност:

- ниско ниво на даночна култура на граѓаните и стопанството, што главно е предизвикано од недовербата во државните институции, нетранспарентното трошење на средствата, недоволната информираност и корупцијата;
- комплицирана регулаторна рамка подложна на чести промени, неконзистентна примена на прописите, недоволно познавање на регулативата и слаби капацитети на јавната администрација во спроведувањето на прописите;

- релативно високи даночни и неданочни оптоварувања со дополнителни административни бариери и високи административни трошоци за стопанството и граѓаните;
- релативно висок степен на корупција и толеранција на државата кон сивата економија (инспекција, царина, судство, полиција);
- висока стапка на невработеност и сиромаштија.

Анализите на земјите од Централна и Источна Европа разграничува неколку (1) главни фактори кои влијаат на големината и распространетоста на сивата економија: висината на социјалните трансфери, специфични регулативи на пазарот на работна сила и услугите на јавниот сектор (збирно учествуваат со повеќе од 70% во објаснувањето за големината на сивата економија), и неколку (2) дополнителни фактори: недовербата во државните институции заради нивната некомпетентност и корумпираност, слаботo извршување на законите и регулативите, високите трошоци за претприемачите, "атрактивноста" на сивата економија заради малата опасност да се биде фатен како некој што работи „на црно" или не плаќа даноци, преголем товар од регулативата и бирократизираност и сл. Тука треба да се додадат и желбата да се избегне плаќањето на даноците, негледањето на корист од плаќањето на даноци, како и недоволната информираност за процедурата за регистрирање на бизнисот.

Од друга страна, последиците од сивата економија во помалку развиените економии се повеќекратни со изразени негативни последици по однос на целата економија и воглавно се однесуваат на:

- нелојална конкуренција предизвикана од субјекти кои работат во зоната на сива економија, што доведува до затворање на деловни субјекти кои ги почитуваат прописите или нивно преминување кон "сиви" текови, отпуштања и намалени инвестиции;
- пониски буџетски приходи кои предизвикуваат и доведуваат до полоши јавни услуги како што се: образование, здравство, безбедност, владеење на правото, комунални услуги итн.;
- повреда на правата на вработените лица, безбедност и здравје (отсуство на плаќање придонеси за пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и осигурување во случај на невработеност, осигурување во случај на повреда на работа, загрозен квалитет и здравје на производите).
- нудење/продажба на производи и услуги со сомнителен квалитет, без гаранции, што може штетно да влијае врз здравјето и безбедноста на луѓето.

Сивата економија е пречка за развој на компаниите, за економскиот раст и за градење поквалитетен живот на секој поединец. Иако претставува „заштитна мрежа“ за многу поединци и домаќинства во овие земји, таа значи многу повеќе од неплатени даноци бидејќи доведува до губење на работни места, затворање бизниси, помал буџет за здравство, образование, култура, социјални бенефиции и се што добиваат граѓаните од државата и што се финансира од даноците.

## *СИВАТА ЕКОНОМИЈА ВО ЗАНАЕТЧИСТВОТО ВО РС МАКЕДОНИЈА*

### (1) *Занаетчиството во РС Македонија низ бројки*

Занаетчиската дејност претставува значајна гранка во секоја економија, која обезбедува бројни користи и придобивки не само за лицата кои се бават со занаетчиство, туку и за вкупната економија и општество. Заедно со останатите мали и средни претпријатија, тие се многу важен фактор при решавањето на бројни проблеми во националните економии, и како такви слободно може да се каже дека тие претставуваат стабилизатори на краток рок, а генератори на развој на економијата на долг рок. Огромното значење што го има оваа дејност се огледа низ призмата на вработеноста, иновативноста, претприемачкиот дух, флексибилноста, придонесот во додадената вредност и потенцијалот со кој располагаат да се развиваат. Согласно податоците од Државниот завод за статистика, повеќе од 90% од активните субјекти во македонската економија спаѓаат во категоријата мали и средни претпријатија, каде се вклучени и занаетчиите. Она што претставува проблем и недостасува е издвојување на занаетчиската дејност како посебна категорија и објавување на најразлични статистички податоци и индикатори поврзани со работењето на занаетчиите. Ова во големо го ограничува истражувањето и оневозможува подлабинска анализа за работењето и придонесот на занаетчиската дејност во вкупната економија.

Она што е расположливо како податоци, тоа се податоците за демографијата на претпријатијата во земјата, кои произлегуваат од статистичкиот деловен регистар, а кои податоци Државниот завод за статистика ги објавува на годишна основа. Во рамки на статистичкиот деловен регистар, Заводот прибира и објавува податоци за различни правни форми на претпријатија во земјата. Притоа, занаетчиите, согласно оваа

класификација, не се издвоени како посебна група, туку се сместени во следните две групи:

(1) групата на трговец поединец и физичко лице самостоен вршител на дејност, и (2) групата на останати правни форми. На следниот графикон се прикажани податоци за бројот на активни претпријатија во овие две групи.

Графикон 4 Број на активни претпријатија според правна форма




Извор: Државен завод за статистика

Анализата на податоци јасно покажува намалување на бројот на активни претпријатија и во групата на трговец поединец и физичко лице самостоен вршител на дејност и во групата на останати правни форми

(Графикон 4). Анализирано по сектори на дејности, најголем дел од овие претпријатија се во дејноста Трговија на големо и мало и поправка на возила, како и во Стручни научни и технички дејности

(Графикон 5). Споредено со 2015 година, со исклучок на дејноста Градежништво, каде единствено е забележано зголемување на бројот на овие активни претпријатија, кај сите останати дејности е регистрирано нивно намалување. Треба да се истакне дека, согласно потадоците на Државниот завод за статистика за бројот на згаснати претпријатија, најголем дел од згаснатите претпријатија се во секторот Трговија на големо и мало и поправка на возила и други услужни дејности. Од друга страна, податоците покажуваат дека и најголем дел од новосоздадените претпријатија во последните години припаѓаат на услужните дејности. Ова е доказ за проблемите со кои

се соочуваат услужните дејности, во чии рамки посебно е изразен проблемот на нелојалната конкуренција со неформалниот сектор, но и на големата флексибилност со кој се карактеризира овој сектор.

Графикон 5 Активни претпријатија според секторот на дејност (збирно трговец поединец, физичко лице самостоен вршител на дејност и останати правни форми)




Извор: Државен завод за статистика

Непостоењето на издвоени податоци за занаетчиската дејност на ниво на држава претставува проблем за анализа, а со тоа се скратува и информационата база за креирање на подобри и посоодветни политики и мерки за унапредување и поддршка на оваа дејност. Сепак, во соработка со Занаетчиската комора на град Скопје, обезбедени се податоци за бројот на активни занаетчии кои оперираат во градот Скопје, а кои се регистрирани во оваа Комора. Во продолжение ги анализираме овие податоците за занаетчиите кои оперираат во град Скопје. На почетокот на 2024 година, согласно регистарот на Занаетчиската комора на град Скопје, во градот Скопје има вкупно 1330 активни занаетчии. Повеќе од половината од вкупните занаетчии отпаѓа на фризерите, креативните занаети, автомеханичарите, козметичарите и оние кои се занимаваат со

дизајн, производство и поправка на облека, при што најголемо поединечно учество имаат фризерите (31%)

Графикон 6 Број на занаетчии во град Скопје по дејности




Извор: Занаетчиска комора на град Скопје

Споредено со Регистарот на занаетчии од 2010 година, вкупниот број на занаетчии во град Скопје бележи зголемување од 13%, при што во структурата одредени занаети бележат зголемување, а одредени намалување. Така, поголемо зголемување бележи бројот на козметичари, додека позначајно намалување е забележано кај пекарите и слаткарите, златарите и чевларите. Интересно е да се потенцира дека во градот Скопје согласно Регистарот на занаетчии, формално активни се само 17 електроинсталатори, 11 занаетчии кои се занимаваат со поставување на водовод, канализација, клима уреди и

инсталации за греење и плин, 9 плочкари, двајца кои се занимаваат со чистење на згради и објекти и само еден молер. Со оглед на малите бројки, веројатно ова се и занаетчиските дејности каде е најприсутна сивата економија.

Податоците од Занаетчиската комора на град Скопје за уписите во регистарот на занаетчии во Скопје покажуваат дека секоја година околу 150-200 нови занаетчии од Скопје се упишуваат во занаетчискиот регистар (Графикон 7). Притоа, една третина од новорегистрираните занаетчии отпаѓа на салоните за убавина, козметичките студија и фризерските салони.

Графикон 7 Новорегистрирани занаетчии по години




Извор: Занаетчиска комора на град Скопје

### (2) ***Застапеност  на сивата економија во занаетчиството – резулатати од Анкетата***

Сивата економија во занаетчиството претставува појава каде дел од субјектите во овој сектор функционираат надвор од контролата и видливоста на државните регулации и системот на даноци. Оваа појава вклучува незаконски или неоданочени занаетчиски активности, каде што фирмите или работниците се ангажираат во работи кои не се регистрирани или не се декларирани пред соодветните државни институции. Македонската економија се карактеризира со релативно високо ниво на сива економија – истражувањата и проценките покажуваат дека сивата економија се одржува на релативно високо ниво подолг временски период (околу 30% од БДП на ниво на вкупна

економија). Значаен дел од овој процент на сива економија отпаѓа на занаетчиската дејност, при што сивата економија во занаетчиството во РС Македонија е проблем кој веќе долго време постои. Многу занаетчии работат незаконски и избегнуваат да го плаќаат данокот на заработката или пак  да ги регистрираат своите бизниси. Така, занаетчиите, како што се столари, електричари, гипсари, молери, ѕидари, стаклари, кровари и сл., често работат во сектори кои не се регистрирани и не плаќаат даноци или други трошоци на државата. Ова им овозможува да работат со помали трошоци и следствено на тоа да нудат ниски цени на своите производи и услуги, што често може да ги направи конкурентни на пазарот. Со тоа, проблемот со сивата економија во занаетчиството не само што предизвикува штета на државниот буџет, туку ги нарушува и правилата на конкуренција на пазарот, што може да ги доведе до банкротство на законските/легалните бизниси.

Со цел да подетално да се истражи обемот и причините за сивата економија во занаетчиството беше спроведено анкетно истражување, односно беше доставен прашалник до занаетчиите кои функционираат во град Скопје. На Анкетата првично се се одзваа 40 занаетчии. Со цел да се зголеми опфатот, но и да се обезбедат информации за поголем број на поединечни занаети, дополнително беа добиени одговори од 30 занаетчии, со што со Анкетата вкупно беа опфатени повеќе од 70 занаетчии. Подетални информации околу одговорите на занаетчиите се дадени во Прилог 2 на крајот на ова истражување. Во продолжение се прави сублимат на одговорите и се анализираат најзначајните аспекти содржани во одговорите на занаетчиите.

Табела 1 Застапеност на сивата економија согласно одговорите од Анкетата

| | Сива економија |
|---|---|
| Бравар | 50% |
| Пекари | 30-60% |
| Лимари | 20% |
| Кројач | 100% |
| Столар | 25-50% |
| Фризер и козметичар | 30-50% |
| Слаткар | 25-50% |
| Филигран | 100% |
| Кетеринг | 70% |

| | |
|---|---|
| Маникир | 70% |
| Цвеќар | 30% |
| Автоелектричар | 35-40% |
| Автосервис | 35% |
| Стаклар | 20% |
| Електричар | 20-35% |
| ПВЦ врати и прозори | 30% |
| Плочкар | 60% |
| Тапетар | 20% |
| Водоинсталатор | 40% |
| Сервис за компјутери | 35% |
| Фото и видео продукција | 25% |

Согласно добиените одговори, перцепциите на занаетчиите е дека сивата економија е застапена кај сите видови на занаети и тоа со прилично висок процент. Овој процент варира од занаетчија до занаетчија, при што релативно најмал е процентот на сива економија кај лимарите и тапетарите (околу 20%), додека најголем е процентот на сива економија кај кројачите и филиграните. Многу висок процент на сива економија е застапен и кај кетерингот, изработката на филиграни и плочкарите (60-70%). Висок е процентот на сива економија и кај останатите занаетчии – пекар, фризер, козметичар, слаткар, бравар, водоинсталатор, автоелектричар, столар, механичар итн. (Табела 1). Како заклучок, согласно Анкетата обемот на сивата економија во занаетчискиот сектор се проценува на околу 40%. Притоа, кај најголем дел од занаетчиите сивата економија е застапена со поголем процент од процентот на сива економија на ниво на цела економија. По поделни занаети, сивата економија е застапена во сите занаетчиски дејности, од кои најмногу во услужните дејности како што се: водоводџии, паркетари, молери, плочкари, фризери, бербери, автомеханичари, декорирање на свадби, фотографи, козметичари, но исто така и во производните дејности како што се пекарската, слаткарската, кетеринг, производството на мекици, металската и др.

Покрај прашање за обемот на сивата економија, Анкетата содржеше и прашања за формата на сивата економија, причините за сивата економија, мерки за сузбивање на сивата економија, како и други проблеми со кои се соочуваат занаетчиите. Согласно

одговорите на занаетчиите, најчести форми на сива економија во занаетчиството се следните:

- Вработени по работното време работат дополнително за себе или кај друг работадавач (и за време на викенди);
- Работење од дома на црно без регистрирана фиирма, а се рекламираат на социјалните мрежи и интернет портали;
- Работење во нерегистрирани работилници;
- Пензионери вршат дополнителна непријавена дејност;
- Продажба на прозводи на и околу зелените пазари.

Најчести причини за сивата економија во занаетчиството, согласно одговорите на занаетчиите се следните:

- Немање доволни приходи од регистрираната дејност (потреба од дополнителни приходи);
- Борба за егзистенција, мали плати во јавен сектор;
- Слаба примена на законска регулатива;
- Немање доволно инспекциски контроли кај нерегистрираните;
- Пониски сметки за струја и други трошоци (не се плаќа данок, придонеси, кирии, фискална каса...) и со тоа поефтина изработка;
- Погрешен образовен систем, лошо насочени субвенции за самовработување од страна на АВРМ и останати институции;
- Големи давачки за занаетчиските дуќани;
- Дефицит на кадар;
- Недоволна информираност за можноста за регистрација и користите од тоа.

Како мерки кои ги истакнуваат занаетчиите во одговорите на Анкетата најзастапени се следните:

- Поголеми контроли и засилена инспекција на нерегистрираните од надлежните органи;
- Регулирање на работа како дополнителна дејност;
- Поголеми казни за оние кои работат нерегистрирани;
- Мерки за поодршка на формализација на бизниси - да се мотивираат нерегистрираните да се регистрирааат;
- Да се намалат трошоците (давачките) на занаетчиите и да се обезбеди поголема поддршка на регистрираните бизниси;

- Редовно следење на социјалните мрежи од страна на инспекторите и откривање на објавите од нерегистрирани субјекти;
- Поголема информираност за помошта што ја нуди државата за поддршка на регистрираните мали и средни претпријатија;
- Намалување на данок и минимална плата;
- Обуки за пооделни занаети со цел мотивација на младите;
- Големи административни обврски.

Како позначајни други проблеми со кои се соочуваат занаетчиите во нивните одговори во Анкетата  се следните:

- Недостаток на работна сила;
- Многу административни и финансиски обврски во работењето;
- Високи сметки за струја и висок ДДВ за фирмите кои вршат занаетчиска дејност;
- Проблеми со оптоварување со законска регулатива и нејаснотии со последните измени кај ДДВ;
- Непотребни обврски за водење на евиденции и парафискални давачки;
- Неправилности при субвенционирање за помош на фирмите;
- Недоволна застапеност и интерес за подобрување на бизнисот и се помалку желба за работа на младите во оваа дејност;
- Постои не пропорционална исплата на регрес по дејности;
- Недостиг на поддршка на државата за старите занаети и нивно промовирање како културно наследство;
- Високи цени на репроматеријали, зголеми давачки, а намалени потрошувачи.

Резулатите од спроведената Анкета се во линија на неколкуте досега спроведени истражувања и анализи поврзани со состојбата, основните проблеми и предизвиците на неформалната економија. Така, резултатите од спроведеното квалитативно истражување за „Перцепција и ставови на граѓаните во врска со сивата економија“ од страна на УНДП во 2022 година на репрезентативен примерок, покажуваат дека перцепцијата на граѓаните за степенот на неформалната економија е дека таа се движи во рангот од 20 – 40% од БДП. Исто така, резултатите од спроведеното „Мерење на перцепцијата и ставите на граѓаните во врска со сивата економија“ покажуваат дека скоро сите испитаници (96%) слушнале за терминот “сива економија”. Овој термин за околу 40% од испитаниците претставува некаква форма на „избегнување давачки кон државата“ и

„економски активности кои не се пријавени кај државните органи". Како сектор каде според учесниците сивата економија е најзастапена, се издвојува трговијата на големо и мало, односно онлајн продажбата, каде има широко распространета пракса на трговија од страна на физички лица кои тргуваат без регистрирана фирма и со плаќање на рака (во кеш). Други дејности каде што постои висок степен на сива економија е туризмот, секторот услуги (лични услуги - поправки во домот). Иако овие дејности се издвојуваат, примери на неформални економски активности и неформална вработеност може да се најдат во сите дејности. Во дејноста во која работат, учесниците проценуваат дека сивата економија е застапена дури до 50%. Најголем дел од нив се согласуваат дека сива економија во дејноста во која работат постои поради неплаќање на даноци кон државата, што прави да се зголеми профитот на работодавачите, а сето тоа е овозможено од лошата инспекциска работа која е поттикната од лошата работа на државата (власта). Резултатите покажуваат, исто така, дека сивата економија во одредени дејности настанува како резултат на тоа што нема практични законски поставени регулативи и решенија. Во споредба со изминатите неколку години, перцепцијата е дека состојбата со сивата економија се влошува, што се гледа во честата актуелност и застапеност на информации за оваа тема во медиумите. Дополнително влошувањето на состојбата со сивата економија е помогнато и од целата ситуација со пандемијата и зголемената работа од дома – онлајн, што ја намалило можноста за целосна инспекциска проверка.

### (3) *Форми на сива економија во занаетчиството и (не)надлежностите и ограничувањата на институциите*

Сивата економија во занаетчиството во РС Македонија најчесто се јавува во следните форми:

- вработени кои за време на работното време или по негово завршување вршат нерегистрирани дејности, односно работа од страна на работници/занаетчии по завршување на нивната официјална работа (втора работа);
- работење без регистрирање на фирма, односно целосно вршење непријавена занаетчиска дејност (или популарно кажано работење од дома).

Интересно е што сите овие нерегистрирани дејности и лица се рекламираат на социјалните мрежи (Facebook, Instagram) и електронски пазари (Pazar3, Reklama5 и сл.), преку објави на производите и услугите што ги нудат. Сето ова се прави и покрај јасното прекршување на Законот за забрана и спречување на нерегистрирана дејност!

Во продолжение неведуваме примери од пракса, како докази за формата и широката застапеност на сивата економија во занаетчиството:

- Социјалните мрежи Фејсбук, Инстаграм и ТикТок се преплавени од најразлични понуди преку групи кои немаат основни податоци за продавачот: ниту телефонски број, адреса, ниту пак, регистрирана фирма. Преку овие групи се купува со договор преку пораки, најчесто на месинџер. Производот што се нарачува се плаќа при испораката, во готово, при што парите му се даваат на доставувачот;
- Многу често има објави каде некој се жали дека бил измамен од таквите продавачи - или производот е погрешен и не одговара на она што е прикажано на фотографиите/видеата, или бројот или бојата се погрешни или производите се нефукционални. А кога им се обратиле со забелешка или со барање за враќање, биле игнорирани или блокирани за да се оневозможи натамошна комуникација, со што не може ниту да се побара замена, ниту да се врати производот, иако во описот стои ваквата опција.

Институциите кои се најмногу повикани да се справат со сивата економија, исто така, се соочуваат со одредени проблеми, и ја истакнуваат законската ненадлежност или неможност да поставуваат во случаеви на пријавени злоупотреби од нерегистрирани субјекти. Така, Управата за јавни приходи истакнува дека тие немаат ингеренции да постапуваат во вакви случаеви, туку тие се задолжени само за регистрирани даночни обврзници. Доколку инспекторите или контролорите во текот на извршувањето на контролите утврдат дека се врши промет од страна на нерегистриран субјект тогаш веднаш доставува известување до органите на државната управа надлежни за работите на инспекциски надзор. Управата за јавни приходи во текот на 2023 година до Инспекцискиот совет има доставено 42 известувања за вршење на нерегистрирана дејност.

Исто така, поплаките што доаѓаат до Државниот пазарен инспекорат (ДПИ) не се доволен основ за нивно постапување, бидејќи ДПИ може да реагира само доколку постои фискална сметка или фактура. Со тоа и ингеренциите на ДПИ се да постапува само во случаеви на претставки коишто се однесуваат на трговци кои продаваат на социјалните мрежи, но само доколку станува збор за регистрирани онлајн трговци. Доколку стигне претставка за нерегистриран онлајн трговец кој продава на социјалните

мрежи, ДПИ сè уште нема изнајдено механизам врз основа на кој самостојно ќе може да ги детектира оние трговци кои на нелегален начин продаваат на социјалните мрежи. Генералниот проблем е тоа што во преписките меѓу потрошувачот и трговецот, нема информации ниту за локацијата од каде што функционира трговецот, ниту пак мобилен телефонски број, со што ДПИ нема никаква индикација каде да постапува. Дури и во случаеви доколку ја добие адресата на нерегистрираниот трговец, не само за оние нерегистрирани трговци коишто се на социјалните медиуми, туку и за оние други нерегистрирани тргови кои физички продаваат стоки и нудат услуги, ДПИ во согласност со законот за Државен пазарен инспекторат, нема ингеренции да постапува во живеалишта, односно на домашна адреса. Според можностите што ги нудат постоечките закони, кога ДПИ добива ваков тип на поплаки, ги испраќа до МВР, до Секторот за компјутерски криминал. Оттаму праќаат барање до Јавното обвинителство кое издава налог врз основа на кој Секторот за компјутерски криминал ќе треба да ја најде IP адресата преку која се добиваат податоците кои му се потребни на Пазарниот инспекторат. Но она што максимум може да се постигне е да се затвори групата за продажба на социјалните мрежи. Притоа, ДПИ и МВР во некои случаеви успеваат да ги затворат овие профили, но проблемот е што за кратко време тие повторно се појавуваат под нови имиња.

Организациите на потрошувачи и за Е-трговија секојдневно добиваат јавувања од граѓани коишто на некој начин се оштетени при купување на производи преку социјалните мрежи, меѓутоа, она што единствено можат да го направат е давање совет или да се обратат до Секторот за компјутерски криминал во МВР за да се испита и да се затвори профилот или да се обратат до ДПИ, но само доколку имаат фискална сметка. Но во случај на вакви продажби,најчесто нема фискални сметки, туку само потврда од доставата, односно од поштенската услуга којашто врши достава, но не и од продавницата, бидејќи практично не се работи за легални правни лица кои би можело на да издадат фискална сметка и со тоа да подлежат на Законот за заштита на потрошувачи, и во таков случај да може да постапува ДПИ. Сепак, даночните обврзници кои вршат Дејности за давање на останати поштенски и курирски услуги треба задолжително да издадат фискална сметка за извршената услуга која ја наплаќаат во готово. Расположливите податоци покажуваат дека во 2023 година, Управата за јавни приходи, кај даночните обврзници кои ја вршат оваа дејност за давање на останати поштенски и

курирски услуги, извршила 32 контроли, при што се констатирани неправилности кај 24 контроли, за кои се преземени понатамошни постапки.

**(4)** ***Причини за сива економија во занаетчиството и последици***

Главни причини за појава и релативно голема застапеност на сивата економија во занаетчиството се следните:

- ниско ниво на даночна култура на граѓаните и стопанството, што главно е предизвикано од недовербата во државните институции, недоволната информираност и корупцијата;
- комплицирана регулаторна рамка подложна на чести промени, неконзистентна примена на прописите, недоволно познавање на регулативата и недоволни капацитети на јавната администрација во спроведувањето на прописите;
- релативно високи даночни и неданочни оптоварувања со дополнителни административни бариери и високи административни трошоци за стопанството;
- релативно висок степен на корупција и толеранција на државата кон сивата економија (инспекција, царина, судство, полиција);
- висока стапка на невработеност и сиромаштија.

Последиците, односно ефектите од широката распространетост на сивата економија во занаетчиството можат да бидат многубројни и мултидимензионални. Таа може да има негативно влијание врз безбедноста на потрошувачите, бидејќи занаетчиите кои работат незаконски не мораат да ги почитуваат стандардите и законите за безбедност. Исто така, можни и чести се злоупотребите, вршењето на недозволени работи и давањето на услуги со незадоволителен квалитет, како што се недовршени градежни проекти, злоупотреби со материјали и слично. Сивата економија во занаетчиството може да има негативни последици и за самите занаетчии. Бидејќи работата не е регистрирана, занаетчиите немаат право на социјално осигурување, здравствена заштита или други законски заштити. Исто така, тие можат да се соочат со проблеми во случај на работни несреќи.

Сивата економија во занаетчиството предизвикува широк спектар на последици, воглавно вклучувајќи негативнио влијанија врз економијата, социјалната правичност и државата. Таа може да има негативни ефекти и последици на различни аспекти на

економијата, државата и на самите занаетчии. Последиците можат да се групираа на макро и на микро ниво:

Последици на макро ниво (за државата и вкупната економија):

1. *Намалени, или губење на приходи за државата* – затоа што голем дел од трансакциите не се регистрираат и не се оданочуваат. Со тоа, значително се намалува финансиската стабилност на државата и влијае на способноста да се финансираат јавни услуги и проекти. Со други зборови, ова води до намалување на финансиските ресурси на државата, што директно се одразува на намалување на инвестициите во образование, здравство, инфраструктура и други важни сектори;
2. *Недоверба во институциите* – раширената сива економија неминовно креира недоверба во правилата на игра и способноста на државните институции да го регулираат и контролираат занаетчиството, што може да доведе до негативна перцепција на бизнисот и недоверба на целиот систем;
3. *Корупција и непотизам* – сивата економија може да стимулира зголемен обем на корупција и непотизам во институциите, бидејќи неконтролирани активности можат да доведат до неетички практики;
4. *Слабеење на законските и институционалните механизми* – сивата економија може да ја намали ефикасноста на законските и институционалните механизми за заштита на работниците и регулација на бизнисите, бидејќи занаетчиите кои учествуваат во неа ќе настојуваат да ги избегнат или игнорираат законските норми. Тоа во крајна линија ќе доведе до влошување на условите за работа на занаетчиите;
5. *Ефекти врз животната средина* – занаетчиите кои работат во сивата економија обично не ги следат законите за заштита на околината и можат да предизвикаат негативни ефекти врз животната средина, како што се загадување на водата, воздухот и земјата;

Последици на микро ниво (за занаетчиите и потрошувачи):

6. *Намалување на конкуренцијата на законските занаетчии (нелојална конкуренција)* - занаетчиите кои не плаќаат даноци и не мора да ги почитуваат законските норми можат да нудат пониски цени на своите производи и услуги и така да ја намалат конкуренцијата на легално регистрираните занаетчии. Ова може да доведе до намалување на притисокот за подобрување на квалитетот и

иновацијата, што во крајна линија може да го уништи легалниот сектор на занаетчиите и да ги уништи придобивките од конкуренцијата;

7. *Зголемена социјална нееднаквост и отусуство на права за заштита на работниците* – занаетчиите што работат во сива економија немаат социјална заштита и бенефиции што ги имаат законски вработените (немаат право на социјални придонеси, отсуство на здравствено осигурување). Со тоа, тие се во нерамноправна положба, изложени се на поголеми ризици, а немаат заштита на своите права како работници.
8. *Недостиг на стандарди за квалитет и намалување на квалитетот на производите и услугите* – производите и услугите на занаетчиите што работат во сива економија не подлежат на стандарди на квалитет и безбедност како во легалниот бизнис, што им овозможува своите производи и услуги да ги нудат по пониски цени и со послаб квалитет. Тоа доведува до ситуации потрошувачите да бидат изложени на ризик од производи или услуги со лош квалитет. Исто така, бидејќи нерегистрираните занаетчии не подлежат на никаква контрола, чести се случаевите каде услугите и производите што ги нудат не се во согласност со стандардите за квалитет и безбедност, што ги доведува до ризик здравјето и безбедноста на корисниците на таквите услуги и производи. Тоа понатаму може да резултира со губење на довербата на потрошувачите во занаетчиите

Раширената сива економија неминовно креира недоверба во институциите, во правилата на игра, стимулира зголемен обем на корупција во институциите и ја слабее ефикасноста на законските и институционалните механизми за заштита на работниците и регулација на бизнисите.

## (5) *Предлог мерки за намалување на сивата економија во занаетчиството*

Од анализата на сивата економија во занаетчиството, произлегоа бројни мерки и активности, кои доколку се превземат и спроведат од страна на надлежните институции, можат во големо да помогнат во намалување на сивата економија во занаетчиството. Во Прилог 1 таксативно се наброени и наведени мерките и активностите кои произлегоа од анализата, како и од разговорите и состаноците со занаетчиите. Во продолжение систематизирани и објаснети се некои од позначајните мерки кои во големо можат да помогнат во намалување на сивата економија во занаетчиството:

- ***Кампања за подигнување на свеста на потрошувачите, занаетчиите и институциите за (1) негативните ефекти од сивата економија во занаетчиството и (2) бенефитите од формализирање на занаетчискиот бизнис*** - Кампањата да биде медиумски покриена на национално ниво преку креирање на видео кое би влијаело во насока на спречување на сивата економија. Покрај ова, треба да се организира *кампања на социјалните мрежи* за законските обврски во врска со регистрирањето, како и за последиците од работењето без регистрација. Напоредно, на социјалните медиуми да се започне *кампања за спречување на рекламирање на нерегистрирани бизниси преку платформите на социјалните огласи* (заедно со објавување случаеви на злоупотреби на потрошувачи од користење на производи и услуги од нерегистрирани занаетчии);
- ***Засилени инспекции и засилена регулатива за спречување на сивата економија.*** Тоа подразбира стрикна примена на Законот за забрана и спречување на нерегистрирана дејност, законско овозможување на инспекторот подобро да ја контролира нерегистрираната дејност, заострување на регулативата за промоција на социјалните медиуми и строг надзор на рекламите на социјалните мрежи и електронските пазари и санкционирање на оние кои ги користат за промоција на нерегистрирани бизниси;
- ***Заострување на казнената политика за лицата кои работат во зоната на сивата економија*** - Изрекување на повисоки глоби за лицата кои обавуваат сива економија и нивно јавно објавување на медиумите со цел превентивно да се дејствува и да се намали "комоцијата" на сивата економија. Со други зборови, тежиштето на инспекцијата и казнената политика да се помести од легалниот кон нелегалниот бизнис;
- ***Растеретување на занаетчиството со дел од административни обврски/трошоци и промовирање на законски решенија за поддршка на занаетчиската дејност.*** Ова е потребно со цел намалување на финансиските трошоци и зголемување на атрактивноста за формализација на нерегистрираните вршители на занаетчиска дејност. Истотото подразбира, детална анализа за оправданоста и потребата од релаксирање на големиот број на законски обврски наметнати на занаетчиите (елаборати за заштита на животната средина, елаборати за безбедност и здраје при работа, хасап систем, означување на храна, такси за фирма и многу други). Исто така, потребни се законски измени во насока на овозможување на регистрација за вршење на дополнителна дејност (од 4 часа),

зголемување на прагот за ДДВ (како по примерот на земјите од опкружување) и други владини мерки за институционална и финансиска поддршка на легално регистрираните занаетчии и отпочнување на занаетчиски бизниси.

Во борбата против сивата економија и нејзино формализирање многу значајни се стратешките документи, политики и стратегии кои ги носат и спроведуваат надлежните државни институции. За поздравување е донесувањето на Стратегија за формализација на неформалната економија за периодот 2023-2027 година и Акциски план со планирани активности кои ги донесе Владата, а се насочени конкретно кон формализација на сивата економија во сите нејзини сфери и посебно во онлајн-трговијата (линк до Стратегијата https://vnesiboja.mk/). Носител на акцискиот план е Министерството за финансии, а во реализацијата на активностите ќе бидат вклучени повеќе институции кои заеднички, секоја во рамките на своите надлежности користи различни стратегии и политики за сузбивање на неформалната економија. Доколку бидат успешно имплементирани активности предвидени во Стратегијата и Акцискиот план, тоа во големо ќе помогне во намалување на сивата економија во занаетчиството.

Со ефикасна координација на надлежните институции и јасно пропишани и строго имплементирани активности, во државата ќе се креира систем преку кој институциите ќе можат успешно да се справуваат со сите форми на сива економија. Дополнително со соодветен систем на санкции и казни ќе се оневозможи сивата економија и понатаму да го поткопува владеењето на правото, да ја засилува корупцијата и еродира финансискиот систем. Треба конечно да запре сивата економија и неказнивоста да бидат критериум на општо прифатено однесување и со нејзината ментална матрица да зазема сериозен дел од општеството, обликувајќи го начинот на размислување и делување. Бидејќи сивата економија не е само економско, туку и длабоко општествено прашање.

***ПРИЛОГ 1 Предлог мерки за сузбивање на сивата економија во занаетчиството***

| |
|---|
| 1. Неопходно е Координирано делување на инспекциските служби за спречување на сивата економија преку примена на Закон за забрана и спречување на нерегистрирана дејност. |
| 2. Имплементација на Законот за забрана и спречување на нерегистрирана дејност, како и покренување на иницијатива за измена и дополнување на законот за нерегистрирана дејност за да може инспекторот да ја контролира нерегистрираната дејност |
| 3. Развивање систем на поддршка за регистрација на неформални бизниси со советување за отпочнување на занаетчиски бизнис преку едношалтерски систем пропишан со Законот за занаетчиство преку ваучерски систем за регистрација. |
| 4. Кампања за подигнување на свеста кај институциите и граѓаните за спречување на сивата економија и последиците кои ги предизвикува сивата економија (тие работат заработуваат, но не плаќаат даноци и придонеси, користат права од невработеност (здравствено и социјално осигурување) и користат образование за себе или своите членови на семејството, патишта, улици и целокупна инфраструктура. Има и вработени кои за време на работното време или по негово завршување вршат нерегистрирани дејности. Кампањата да биде медиумски покриена преку креирање на видео за спречување на сивата економија која ќе биде медиумски покриена на национално ниво. |
| 5. Воведување на мерки за финансиска поддршка на легално регистрираните занаетчиски дејности и отпочнување на занаетчиски бизниси |
| 6. Поголемо ангажирање на локалната самоуправа, секторите за ЛЕР при општините со воведување на финансиски мерки/поволности за отпочнување на нови бизниси и финансиска поддршка на постојните, намалување на комунална такса, одобрување на локации за градба, финансирање на одредени дефицитарни занаети во руралните средини со цел да се задржи населението и да се намали миграцијата село - град како и миграцијата во Скопје |
| 7. Измена и дополнување во Законот за занаетчиство и можност за регистрација на дополнителна дејност од 4 часа која ќе биде поволност на сите кои што се вработени и вршат нерегистрирана дополнителна дејност . |
| 8. Пре соопштение за медиуми на кој ќе бидат предложени конкретни мрки за спречување на сивата економија |
| 9. Креирање на лого за регистрирани занаетчии и вршители на занаетчиска дејност со код кој ќе биде поставен во сите занаетчиски дуќани како знак на препознатливост. Печатење налепница која ќе биде доделена на сите регистрирани занаетчии |
| 10. Детална анализа за оправданоста и намалување на обврските на занаетчиите предвидени со законските прописи (елаборати за заштита на животната средина, елаборати за безбедност и здраје при работа, хасап систем, означување на храна, такси за фирма и многу други) со што ќе се растерети занаетчиството од административни обврски и финансиски трошоци и ќе биде атрактивно за формализација на нерегистрираните вршители на занаетчиска дејност |
| 11. Измена на Законот за данок на додадена вредност и зголемување на прагот за ДДВ од 16 000 евра на 35 000 евра како во најголем број земји од нашето опкружување, Бугарија, Грција, Словенија |
| 12. Намалување на казните за легалниот бизнис и најава на инспекциски контроли со листа што треба инспекцијата да контролира (едукативен пристап на инспекциските служби ) |

| |
|---|
| 13. Изрекување на високи глоби за сивата економија и нивно јавно објавување на медиумите со цел превентивно да делуваат и сивата економија да не биде толку комотна и ја врши нелегалната дејност рекламирајќи се на сите социјални мрежи и електронски пазари |
| 14. Изнаоѓање начин да се направи забрана за набавка на репроматеријали на оние кои вршат нерегистрирана дејност доколку се констатира дека постојано граѓанин врши набавка на репрматеријал за вршење на занаетчиска дејност |
| 15. Контрола на достава преку карго |
| 16. Регулирање на продажбата на зелените пазари |
| 17. Воспоставување регистар на регистрирани бизниси кој ќе биде јавно објавен и бесплатно достапен до сите граѓани (секој ќе може лесно да провери дали фирмата постои и е легално регистsрирана) |
| 17. Формирање на тело за соработка со надлежните институции и инспекциските служби заради подобра координација |
| 18. Спроведување кампања зачлени се-формализирај го својот бизнис |
| 19. Имплементација на Стратешки документи и акциски план за спречување на сивата економија |

## *Прилог 2 Анкета за сивата економија во занаетчиството*

## *(одговори на анкетирани занаетчии)*

| | Форма на сива економија | Застапеност | Причини | Мерки | Други проблеми |
|---|---|---|---|---|---|
| Бравари | Вработени и по работно време работат дополнително | 50% | Не примена на законска регулатива | Поголеми контроли од надлежни органи, | Недостаток на работна сила |
| Пекари (п/во на храна) | Вработен пекар работи и на други работи прекувремено | 50% | | | |
| | Работат нерегистрирани,се објавуваат преку социјални мрежи | 60% | дефицит од понуда и потреба од дополнителен приход | Контроли кај нерегистрираните а не кај регистрираните | Проблем со ДДВ, нејасна последна одлука за промена од 5 на 10% кај ДДВ |
| | преку ФБ и инстаграм се рекламираат од дома и работат на црно | 30% | нема контрола од пазарна инспекција | поголема парична казна | многу административни и финансиски обврски |
| Лимари | Работење на црно - без фирма (поефтини се) | | Поефтини се | | |
| | автолимари кои работат кај друг од дома после работа и за викенд слободно работат | 20% | недоволна контрола | мотивација сите да се регистрираат | |
| Кројач | Работење од дома - поефтини се | 100% | Поефтина изработка | Повеќе инспекторски контроли | Недостаток на работна сила |
| Столар | Нерегистрирани и без фирма вршат дејност | 50% | Недоволно приходи од регистрирана дејност | Позасилена инспекција | Проблем со кадар |
| | нерегистриран како физички лица прават нарачки во Солопром под исти услови како и регистрирани занаетчии | 25% | мали плати во јавен сектор, борба за егзистенција, недоволна контрола на нерегистрираните | поголеми контроли и надзор | |
| Сервис за бела техника | После работно време вршат поправки како и пензионери | | Недоволно приходи | Позасилена инспекција | |
| Слаткарница | Производство на слатки од дома | | Пониски сметки за струја, не се плаќа данок, придонеси | Да не се плаќа индустриска струја, и да има повеќ помош за мали и средсни п/ја | |
| | Работа од дома | | | да се натерат секој да отвори фирма | високи сметки за струја |
| | Нерегистрирани од дома работат или се вработени на друго место | 50% | | | проблеми со оптоварување со законска регулатива |
| | Се објавуваат на ФБ страни и вршат продажби | 50% | потреба од дополнителни приходи | Поголеми контроли од страна на инспекциите | Проблем со ДДВ, нејасна последна одлука за промена на ДДВ од 5 на 10% |
| | Работа од дома | | | | високи сметки |
| | Нерегистрирани прават нарачки преку социјални мрежи | 25% | нема доволно инспекциски контроли | поголеми парични казни | обврски за водење на евиденции и парафискални давачки |
| | Нерегистрирани прават нарачки преку социјални мрежи | 25% | нема доволно инспекциски контроли | поголеми парични казни | обврски за водење на евиденции и парафискални давачки |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Фризер (и козметика) | Домашни работилници, непријавени дуќани | 50% | Погрешен образовен систем, лошо насочени субвенции за самовработување од страна на АВРМ и останати субјекти | Работни групи со наведените субјекти, игнорантски однос спрема коморите и лоша соработка со истите | Неправилно субвенционирање за помош на фирмите |
| | Работа од дома | | помали давачки | намалување на давачките | |
| | Работа од дома без регистрирана фирма | 90% | немање доволно средства | | |
| | Работа од дома | | | Поголеми казни за работа на црно | |
| | | | | Плаќање данок и фискални сметки | |
| | Нерегистриран од дома работи | 40% | | Мерки за поддршка на формализација на бизниси | |
| | Нерегистрирани вршат дејност без никакви забрани | 30% | | Казни за нерегистрираните | |
| | Работа од дома | 10% | | Поголема поддршка на регистрираните и да се мотивираат нерегистрираните да отпочнат бизнис | |
| | Работат на црно - од дома | 40% | големи трошоци | намалување на данок и други давачки, индустриската струја и др. | |
| | Работа од дома | | Големи давачки за занаетчиски дуќани | Средства за поддршка | Проблем со лица кои работат дома и недоволно клиенти во дуќаните |
| | Работа од дома без регистрирана фирма | 40% | Недоволно информирани, страв од помала заработувачка, и големи трошоци | Да се информираат повеќе со ..... на лошата работа како бранша | Недоволна застапеност и интерес за подобрување на нашиот смер, се помалку желба за работа на младите во оваа дејност |
| | Работа од дома без регистрирана фирма | 30% | Големи трошоци и луѓето не можат да ризикуваат | Луѓето да се повеќе информирани и да се помага со грантови да си отворат фирма | Мала заинтересираност за работа |
| | Работа од дома | 50% | Не плаќаат кирија за простор, фискална каса | Да се пријавуваат на инспектори | Да се прават изјави за клиенти дека на сопствена одговорност влегуваат во солариум, или сауна |
| | Нерегистрирани за занаетчии, нееднакви стимулирања и контроли од страна на државата, непочитување на работното време (работа и во недела) | 70% | Нееднаквост во законите, не вршење доволно контроли на нерегистрирани фирми наспроти вршење премногу контроли на регистрираните | Секојдневни контроли кај нерегистрираните субјекти и зголемување на глобите кон истите; следење на социјалните мрежи со цел да се откријат нерегистрираните занаетчии | ДДВ е висок за фирмите кои вршат занаетчиска дејност; - укинување на субвенционирањето на дел од придонесите; - не пропорционална исплата на регрес по дејнсоти |
| | Работат од дома - маникир, педикир, депилација... | 50% | Страв од инспекции, недоволна информираност за предностите кога се пријавени и регистрирани | Поголема информираноист за бенефитите што ги нуди државата за развој на средни и мали п/ја | Нееднакво ДДВ со колегите фризери |
| | Работа од дома | 100% | | | |
| | Работа од дома | 50% | Големи трошоци во однос на месечни заработки | Намалување на данок и минимална плата | |
| | Работа од дома-нерегистриран | 50% | после работа работат дома на црно | | зголемени трошоци и нелојална конкуренција |
| Ракотворби (изработка на бижутерија | Изработка и продажба на накит преку социјални мрежи (ФБ, инстаграм), базари и на работните места на кои работат | 90% | Оваа дејност ја сметаат за хоби, но истовремено сакаат да заработат дополнителни средства, без да ја нагласат реалната цена на чинење на производот | Поголема контрола на ФБ и инстраграм од страна на инспекцијата и казнување на лицата кои продаваат а не се регистрирани | Недостиг на поддршка на дравата за старите занаети и нивно промовирање како културно наследство |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Оптика | На сите зелени пазари (и околу) се продава и интернет продажба | 50% | | Контрола на интернет продажбвите, забрана за продажба на зелените пазри и околу со закон | |
| Филигран | Нерегистрирани изработувачи на филигран, базари, интернет продажби на производи од непознато потекло | 100% | немање на контроли и казни од соодветни институции | Казни за таквите лица | недостиг на промоција на рачната изработка и нејзино соодветно фаворизирање |
| Кетеринг | Работа од дома, вршат дејност без исполнување на услови | 70% | | Подршка да се регистрират | |
| Маникир | Нерегистрирана дејност, непријавени работници | 70% | | Намалување на персоналниот данок и намалување на месечните трошоци за придонеси | |
| Цвеќар | Работа од дома и се објавува на интернет | 30% | | Поголема поддршка | |
| Автоелектричар | Работници прават бизнис во приватни простори | 35% | многу малку кадар како автоелектричар | Обуки за автоелектричар, за мотивација на младите | потреба од работници |
| | Работат во приватни гаражи и нудат услуги за пониски цени | 40% | Дефицит на работници | Обуки за автоелектричар | потреба од работници/мала заинтереасираност |
| Автосервис | Нерегистрирани - ја вршат услугата без гаранција | 35% | недоволна инспекциска контрол | Обуки и информации за регистрација!! | огромен дефицит на кадар |
| Стаклар | Работат многу нерегистрирани - на црно | 20% | дефицит во дејноста-стаклари | Обуки и информации за регистрација!! | високи цени на репроматеријали |
| Електричар (инсталатер) | работа на црно | 35% | многу ретко има инспекциска контрола | Казни | високи цени на репроматеријали и покачени давачки |
| | многу нерегистрирани | 20% | нема инспеккциски контроли | поголеми парични казни | обврски за водење на евиденции и парафискални давачки |
| | нерегистрирани работат без гаранција за квалитет на услуга | 30% | голема слобода, никаква контрола | мотивирање, информирање за регистрација на бизнис | |
| ПВЦ врати и прозори | многу нерегистрирани - работат во подруми | 30% | недоволна инспекциска контрол | воведување на парични казни | повисоки цени на репроматеријали и намалени потрошувачи |
| | вработени во фирми, попладне или за викенд работат на црно | 30% | недоволна инспекциска контрол | големи административни обврски | |
| Плочкар | многу нерегистрирани | 60% | немање доволно информации за можноста за регистрација како занаетчија и одбивање плаќање на данок | информации до поширока јавност | |
| Тапетар | во подрум тапацираат мебел | 20% | | | |
| Водоинсталатер | на црно без регистрација најголем дел од водоводџиите вршат дејност (пензионери) | 40% | дефицит на квалификуван кадар | обуки за занаетот и информации за можноста за регистрација на бизнис | |
| Сервис за компјутери | секој од дома се рекламира за поправка на компјутери | 35% | наплив на работа, недоволно кадар во струката, нерегистрирани се нудат за пониски цени | информација за можност за регистрација на бизнис со мали трошоци | нелојална конкуренција, административни бариери, недоволна |
| фото и видео продукција | физички лица нерегистрирани вршат дејност на јавни настани (свадби и сл) | 25% | | силен инспекциски надзор | |